# Појавата на концептот на идентитетот како универзална релација

**Дарин Ангеловски**

angelovski.darin@yahoo.com

*Клучни зборови: идентитет, концепт, рефлексија, битие, рационално, Хераклит, Платон, Аристотел.*

Обидите да се дефинира поимот идентитет, како и обидите историски да се проследи неговиот развој, се чини, поттикнуваат взаемно поврзани, дури неделливи едни од други прашања. Според една премногу едноставна, но сосема исправна логика, би можело да се каже, дека прашањата за почетоците на овој концепт претставуваат своевиден одговор на обидите за негово дефинирање. Но, кон ваквото поедноставување на нештата, би можело да се додаде и тоа, дека она што е потребно за да се определи и објасни појавата на концептот каков што е идентитетот, е увидот во содржината на спознајното пространство на општествените науки денес.

Така, еден возможен обид за дефинирање ни го претставува идентитетот денес како концепт кој е во врска со замислената истост на поединецот или општествената група во сите времиња и во сите околности. Друг ни укажува на постоењето на поединецот или групата и нивната можност да продолжат да постојат сами по себе и не како некој или нешто друго. Идентитетот може да се смета за фикција која има за цел да ги постави обрасците и наративите за постојната сложена и многуобразна природа и на психолошките, и, на општествените светови. Прашањето на идентитетот е насочено и кон докажувањето на принципите на единство кои што се спротивставени на мноштвото (плуралитетот) и разнообразноста и на принципите на континуитетот, спротивставени на промената и преобразувањето. [1]

Иако во овие дефиниции се преплетуваат низа приоди, сепак, во секоја една од нив може да се насети меѓусебното надополнување на највлијателните теории на идентитетот, какви што се: логичко – математичките теории, кои ја утврдуваат фиксната законитост на концептот на идентитет во различни околности; философските теории, кои го разграничуваат духот и материјата, (односно, теориите во кои приодот кон субјектот и објектот е приод како кон некакво недиференцирано единство); и психолошките и социолошки теории кои го насочуваат фокусот кон личниот, односно, групниот идентитет и нивното продолжително траење наспроти физиолошките/природните и психолошки промени. [2]

Оттука станува јасно, дека тешкотиите со кои се оптоварени размислувањата на оваа тема се должат на нераскинливата врска на нејзиниот предмет со рационалното мислење. Во тој контекст, се чини сосема оправдано,

размислувањата за почетоците на сложениот концепт каков што е идентитетот да се доведат во блиска врска со појавата или почетоците на позитивната форма на рефлексија врз природата. Доколку постои согласност околу овој став, како и околу тврдењето според кое е напразно да се бараат почетоците на позитивната рефлексија во минатото, бидејќи самата таа ѝ е надворешна и туѓа на историјата, која единствено може да ги објасни низата пречки, грешки и заблуди во развојот на духот, тогаш појавата на концептот на идентитетот, и покрај разногласијата, сосема оправдано може да се постави во појавата на рационалното мислење. [3]

И навистина, иако не експлицитно, концептот на идентитетот е содржан во првите философски спекулации предметно насочени кон прашањата за настанокот на Боговите, Светот и Битието. Теогониските, космолошките и онтолошки учења, оние за подлогата на светот (Милетците), или учењата за настанувањето и пропаѓањето на нештата (Хераклит, Елејците или Атомистите), се распнати помеѓу митските претстави и интелектуалната спекулативност на најстарите философи. Кај еден од најзагадочните древни мислители читаме:

> „Едно исто во нас е она живо и мртво, она што е будно и што спие, младо и старо, оти ова изменето е она, а она изменето е ова.“ [4]

Не навлегувајќи во детални толкувања на Хераклитовата мисла, како и во задлабочени толкувања на размислувањата на првите физичари – философи, доволно е да се воочи провлекувањето и преплетувањето на нивната мисла низ повеќе рамништа. Таа час блеснува со својата рационалност, час се преобраќа во митска слика чија порака се притаила зад традиционалниот израз. [5]

Понатамошното внимание кон ваквото единство на митската и интелектуална традиција од најстарите времиња, ги открива првите размислувања за идентичноста како универзална релација уште кај Платон. Во неговата ентусијазирана антологија на беседи посветени на пожедниот за знаење Ерос, насловена како *Симпосион*, или едноставно - *Гозба*, Платон говори за знаењето, за разумската функција на учењето, за размислувањето како процес на создавање нови сознанија, но и за менливоста, која, освен на сознанието, подеднакво му е својствена и на човечкото тело, а ја поднесува и човековата душа. Во разговорот помеѓу нему омилениот Сократ и пророчицата Диотима, Платон, всушност, суптилно ја образложува идентичноста како универзална релација и вели:

> „Има, всушност мислење дека секое живо суштество, додека живее, - е едно исто; на пример, ова се однесува и на самиот човек, тој се нарекува – „истиот“ од детство до старост; меѓутоа тој ист човек никогаш не ги задржува истите својства во себе самиот, макар се нарекувал – ист: всушност, овој постојано се обновува и постојано губи нешто од себе, - коса, плот, коски, крв, па и телото во целост. И не само телото, туку и душата се однесува вака: се сменуваат – нарав, етика, мненија, желби, задоволства, тегобности и таги, стравови... сè ова никогаш никому не останува исто, туку – едно настанува, друго нестанува“. [6]

Веднаш по изложувањето на овие широко распространети мненија, Платон ги наведува причините според кои секое живо суштество се однесува како исто, па вели:

> „Многу почудно од ова е она што се однесува на знаењата, кои, не само што ни се создаваат, туку и ни пропаѓаат; всушност никогаш не сме исти ниту со оглед на знаењата, туку оваа промена се однесува на секое едно знаење од областа на знаењата: имено, - она што се нарекува вежбање на мислењето, како да е определено со исчезнувањето на знаењето, зашто заборавањето е излез на едно знаење, а вежбањето, создавајќи ново паметење наместо за минатото, го запазува знаењето, така што се чини – исто. На овој начин се чува смртното суштество, секако, - не да биде вечно исто, како божественото, туку така што надополнува ново наместо одминатото и остареното. Во таа смисла секое живо суштество се однесува како да е исто.“ [7]

Во своите размислувања Платон често го напушта застапништвото на Сократ и претставува разни идеолошки ставови. Навлегувајќи во разни миметички лица [8] создава нови и поинакви претстави. Така, во дијалогот *Тимај*, насловен според Питагореецот, тој смислува Творец на Космос, кој претставува живо суштество обликувано според поинакви начела и вели:

> „Пред сѐ треба да се разграничи што е вечно Битие, а ова нема генесис, а што е она кое постојано настанува и никогаш не е Битие. Првото му е сфатливо на умувањето со логос, зашто е секогаш според истото – Битие, а другото се сфаќа преку мнение кое само насетува, а е поврзано со алогичната сетилност, зашто она кое настанува и пропаѓа, никогаш не е сушто Битие. Но, секое настанување, нужно настанува под влијание на определена причина, така што на секое нешто му е невозможно да има генеса надвор од причината...“ [9]

Беседата на Платоновиот Тимај, како што забележува Елена Колева, не говори ни за Парменидовото, ни за Платоновото „небитие“, туку за **„секогаш истото себеси“**, кое, всушност, е битие, и, она кое се раѓа и умира, кое има настанување и нестанување, – претстава која за првпат постигнува кристализација и темелна разработка како еден најзначајните предмети на философијата столетија подоцна, во огледите на Џон Лок, а потоа и во расправите за човековото познание на Дејвид Хјум, но и на многумина други. Секако, обликувањето на значењето на терминот идентитет кај средновековните мислители во голема мера претставува резултат на еден суштествен премин, а кој, според зборовите на Клод Леви Строс, може да се лоцира во исчекорувањето од митското „замрзнато време“. Имено, интелектуалниот стремеж на Аристотел за прв пат во духовното паметење на светот го внесува човекот како политичко суштество во „топлото“, односно, дискурзивно време на „реалноста“. Надвор од митските судбини на

претходниците, на Аристотел „не му се јавува Сократовиот „дајмон“. Тој не е обземен од Демокритовата и Платонова „божествена манија“, не ги повикува Музите, не пее како Пиндар и не пишува философски поеми како Ксенофан, Парменид, Емпедокле...“ [10]. Аристотел смислено ги одбегнува метафорите кои поетски ја анимираат смислата на бивањето. Во неговата логика, наместо Сфајрос, Дике, Демиургос, Бог, Ѕевс како врв на козмичката хиерархија постои „прво неподвижно движечко“ и „доколку има некаква неподвижна суштина (*ousia*), науката за неа ќе биде, пред сè, првата философија, а како првична, таа ќе биде и општа; таа обмислено ќе го согледува битието како битие, потем, што всушност претставува битието, и, што нему како битие му припаѓа“. [11] Конечно, Аристотел во своите размислувања се служи со она што ние денес го нарекуваме логички закон на идентитетот, и кое, и денес го препознаваме во умувањата за битието како **„вечно и истоветно само со себе“** (Парменид) или како **„секогаш истото себеси“** (Платон). Тоа му овозможува да го ослободи поимот на битието од ригидноста на Парменидовата онтологија, да ја обесмисли Платоновата козмологија и козмогонијата на Питагореецот Тимај и да изгради еклектична логична конструкција, во која го помирува логичкото начело на идентитетот со искуствено различие и плурализам.

Првата философија, односно *Метафизиката*, како што ја објаснува Е. Колева, претставува мисловно симулиран простор во кој се движат „чисти мисловни облици“. Но, мора да се признае, - вели таа, „тоа се облици кои често не ја препознаваат сопствената патека, па се судираат меѓу себе и со други, туѓи умувања, наидуваат на апории, понекогаш, и се откажуваат од целта“. [12] Оттука, секое понатамошно препуштање во потрагата по концептот на идентитетот во древните учења за битието или во оние за суштината, без сомнение би претпоставувало изложување на целокупната античка философска традиција. Тоа би значело и преиспитување на сите елементи кои го конструираат сознанието за битието - претстави кои се во взаемен однос и меѓу себе, и, спрема нивната заедничка цел. Сепак, очекувањата околу постоењето на поимот на идентитет што се насетува во оваа корелација на духовните средства и неговата потврда во јазикот, се однесува единствено до прашањето за неговото потекло. [13] Самиот термин отсуствува од теоретските расправи со кои древните мислители допираат до прашањата за универзалната релација. Тој е изоставен и од авторитетните латински речници со чија помош ги преведуваме делата на старите автори, папските писма или Библијата. Но, и без оглед на неговото отсуство, а во контекст на прашањата за идентитетот како концепт, Аристотеловиот придонес во поставувањето на проблемот јасно е содржан во ставот со кој ја започнува шестата книга на *Метафизиката* и според кој: „за битието, накратко речено, се говори многузначно“.[14] Овој став го подготвува теренот на кој самиот Аристотел само навестува, а мислителите во столетијата што доаѓаат го определуваат идентитетот како едно од најзамаглените философски прашања. Нивните обиди да го испитуваат концептот на идентитетот во поширок каузален контекст резултираат со конструирање теориска суперструктура составена од поинакви степени на

апстракција, која се должи на потребата за инакво објаснување на стварноста. Во поглед на обидот со кој беше ангажиран овој краток текст, да дефинира и историски да ја разгледа појавата на концептот на идентитетот, како заклучок преостанува да се подвлече античката философска (но, и митска) мисловност како почетна точка во многувековната низа размисли на оваа тема.

## Белешки:

[1] Robins (2005), 172

[2] Rolbiecki (1942), 140

[3] Вернан (1998), 198

[4] Повеќе за значенските рамништа на овој фрагмент види Митевски (1997), 110

[5] Митевски (1997), 18

[6] Платон (2008), 106

[7] Платон (2008), 107

[8] Платон (2008), 83

[9] Платон (2005), 19

[10] Колева (2003), 8

[11] Аристотел (2000), 121

[12] Колева (2003), 13

[13] idem (лат. исто)

[14] Аристотел (2000), 121

## Користена литература:


Аристотел (2000), *Метафизика*, превод от старогръцки Николай Гочев, Иван Христов, СОМН, София 121

Вернан, Ж., (1998), *Мит и мислене при древните грци*, превод Любомира Радоилска, Критика и хуманизам, София 198-205

Колева, Е., (2003) 'Увод' во: Аристотел, *Никомахова етика* превод од старогрчки и предговор Елена Колева, Скопје, Три 5-58

Митевски, В., (1997) *Хераклит*, толкување, превод од старогрчки и коментар Витомир Митевски, Матица македонска, Скопје

Платон (2008) *Симпосиумска еротологија*, превод од старогрчки, предговор, белешки и објасненија Елена Колева, Култура, Скопје

Платон (2005) *Тимај*, превод од старогрчки Витомир Митевски, Аз-Буки. Скопје

Robins, K., (2005) 'Identity' in: Benet,T., L. Grossberg, M. Morris (eds.) *New keywords: a revised vocabulary of culture and society*, Blackwell Publishing, 172-175

Rolbiecki, J., (1945) 'Identity-philosophy' in: Runes, D., (ed.) *The Dictionary of Philosophy*, Philosophical Library, New York, 140

# The Appearance of the Concept of Identity as Universal Relation


## SUMMARY



**Darin Angelovski**

angelovski.darin@yahoo.com



*Key words: identity, concept, reflection, self, rational, Heraclitus, Plato, Aristotle.*



This article is referring to the complex meaning of the concept of identity and it's well known understandings as a relation with the imagined sameness of a person or of a social group at all times in all circumstances; about a person or a group being, and being able to continue to be, itself and not someone or something else. Using the contemporary definitions of the concept of identity, article also shows that identity may be regarded as a fiction, intended to put an orderly pattern and narrative on the actual complexity and multitudinous nature of both psychological and social worlds.

The aim of the article is to show that the concept of identity as universal relation appears in the speculations of presocratic philosophers and it is also present in Plato's and Aristotle's reflections on being and sameness.